# Права за слободен пристап до информации од јавен карактер

Правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кои располагаат јавните органи, е едно од основните човекови права.

**Информација од јавен карактер** е информација во било која форма која ја создал и со која располага имателот на информацијата, односно со неа располага само имателот на информацијата, согласно со неговите надлежности.

Граѓаните преку слободниот пристап до информациите всушност ги контролираат и оценуваат постапките на органите кои што тие ги финансираат.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Собранието го изгласа во Јануари 2006 година, а неговата примена започна од 01.09.2006 година. Овој закон ги одредува правилата за пристап до информации од јавен карактер.

Целта на овој закон е да се обезбеди јавност и отвореност во работењето на јавните институции, се со цел да му се овозможи на јавноста да си го оствари своето право  за слободен пристап до бараната информација, а органот за својата работа е должен да обезбеди информираност на јавноста.

Основниот Суд од Битола како службено лице кое посредува со информациите од јавен карактер ги назначи Домника Трајковска Волканова, стручен соработник и волонтер Оливера Фидановска, дипломиран комуниколог.

Граѓаните во секое време можат да се обратат до канцеларијата за Односи со Јавноста каде што ќе можат да го остварат своето право за пристап до информации од јавен карактер и да се информираат за начинот на организација и работа на Судот, за текот и движењето на предметите кои Судот ги има во работа, Одлуките на Основниот Суд Битола,  да добијат правна информација, но не и правен совет.